РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3188/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на закон за локалната самоуправа, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Предлагачи : Група пратеници

П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/ 24), се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот – сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Потребата од измена на Законот за локалната самоуправа произлегува од реалните предизвици со кои се соочуваат семејствата на децата со попреченост и аутизам при секојдневното движење и користење на јавниот простор. Паркирањето во зонските подрачја претставува дополнителен финансиски товар за овие семејства, особено кога станува збор за редовни посети на здравствени установи, образовни институции или специјализирани центри за третман. Во повеќе држави од регионот, како Србија, Хрватска и Словенија, ваквите категории лица се ослободени од плаќање на паркинг во зонски системи, преку унифицирана законска регулатива или одлуки на локална власт.

Практиката од европските земји и регионот покажува дека добрата регулирана политика за ослободување или значително олеснување на трошоците за паркинг може да значи подобрување на квалитетот на животот на лицата со попреченост.

- во рамки на Европската Унија има модел на „Паркинг карта за лица со попреченост“, која овозможува различни поволности при паркирање, вклучувајќи можност за ослободување од такси за паркинг достапност на резервирани паркинг места и признавање на картата во другите земји членки.
- Во Обединетото Кралство, системот „Blue Badge“ (Сина карта) ги опфаќа и лицата со попречености и лицата со аутизам и овозможува паркирање блиску до наменските места, бесплатни или намалени парковачки такси, како и проширени услови за користење.
- Во земји од регионот, како што е Унгарија, Владината Уредба предвидува дека возилата кои превезуваат лица со аутизам се ослободуваат од плаќање на паркинг надоместок или користење на поедноставени услови.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овој предлог закон е да се создаде унифицирана законска можност за сите општини во државата, преку одлука на својот совет, да можат да ги ослободат децата/лицата со попреченост и аутизам, како и нивните родители или старатели, од плаќање на надоместок за користење на јавен простор за паркирање.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот за дополнување на Законот за локалната самоуправа, Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/ 24), во член 22 став (1) по точката 9. се додава нова точка 9-а која гласи:

„9-а ослободува или определува олеснувања при давање на општинските јавни услуги односно услугите од јавен интерес од локално значење;”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Советот со одлука го утврдува начинот на спроведување на ослободувањата и олеснувањата од ставот (1) точка 9-а од овој закон, како и условите за нивно остварување.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**I**. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за дополнување на законот за локалната самоуправа содржи 2 члена.

Со член 1 се предвидува унифицирано законско решение за ослободување или определување на олеснување при давање на општиснките јавни услуги односно услугите од јавен интерес од локално значење во кои се вбројува и паркирањето на лицата со попреченост и нивните родители или старатели со обврска на општините да донесат одлука за ослободување од плаќање за паркирање на лицата со попеченост и нивнитете родители или старатели..

Со член 2 е уредено влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на предложените измени ќе се создадат предуслови за реална поддршка и олеснување на секојдневието на семејствата на децата со попреченост и аутизам, кои често се соочуваат со зголемени финансиски и организациски предизвици. Ослободувањето од плаќање на зонско паркирање ќе придонесе за полесен пристап до здравствени установи, образовни институции, специјализирани центри и други јавни услуги, што претставува суштински аспект на социјалната инклузија и рамноправноста.

Покрај тоа, измената ќе придонесе за развој на локални политики кои го унапредуваат животниот стандард на лицата со попреченост и нивните семејства, со што општините ќе добијат можност да покажат повисок степен на општествена одговорност и хуманост. Со воспоставувањето на законска рамка што овозможува еднаков третман на овие категории граѓани низ сите општини, ќе се поттикне поголема кохерентност во локалните социјални политики и ќе се зајакне довербата на граѓаните во институциите.

Очекуваните финансиски импликации од примената на оваа измена се минимални, бидејќи бројот на корисници е ограничен и нема да влијае значително врз приходите на општинските буџети. Напротив, долгорочните придобивки ќе се манифестираат преку зајакнување на инклузивноста во локалните заедници, подобрување на квалитетот на живот и создавање на општество засновано на еднакви можности и меѓусебна поддршка.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 22
Листа на надлежности

(1) Општините се надлежни за вршење на следниве работи :
1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;
2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;
3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
4. Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;
7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.

Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;
10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и
13. Други работи определени со закон.

(2) Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.

(3) Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.